## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија” бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/2000, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006 и 45/2006), во членот 30 став (1) точка 2 на крајот од реченицата точката и запирката се бришат и се додаваат зборовите: “и одведување на урбаните отпадни води;”, во точката 3 на крајот од реченицата точката се заменува со точка и запирка, а по точката 3 се додаваат пет нови точки 4, 5, 6 ,7 и 8, кои гласат:

“4. Семенски и саден материјал за производство на земјоделски растенија;

5. Ѓубрива;

6. Средства за заштита на растенијата;

7. Фолии од пластична маса за употреба во земјоделството и

8. Земјоделска механизација.”

Ставот (2) се менува и гласи:

“(2) Производите од ставот (1) точки 1, 3, 4, 5, 6 , 7 и 8 на овој член кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност, ги определува Владата на Република Македонија.”

Член 2

Одредбите на членот 1 став (1) точка 8 на овој закон ќе се применуваат до 30 јуни 2010 година.

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 октомври 2006 година.

---

## L I G J I
## PËR NDRYSHIM DHE PLOTËSIM TË LIGJIT PËR TATIMIN MBI VLERËN E SHTUAR

Neni 1

Në Ligjin për tatimin mbi vlerën e shtuar (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 44/99, 59/99, 86/99, 11/2000, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006 dhe 45/2006), në nenin 30, paragrafi (1) pika 2, në fund të fjalisë pikëpresja shlyhet dhe shtohen fjalët: “dhe përcjelljen e ujërave urbane dhe të zeza;”, në pikën 3 në fund të fjalisë, pika zëvendësohet me pikëpresje, ndërsa pas pikës 3 shtohen pesë pika të reja 4, 5, 6, 7 dhe 8, si vijojnë:

"4. Materialit faror dhe material mbëltimi për prodhimin e bimëve bujqësore;

5. Plehrave;

6. Mjeteve për mbrojtjen e bimëve;

7. Folieve nga plastmasa për përdorim në bujqësi dhe

8. Mekanizimit bujqësor.”

Paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

“(2) Prodhimet nga paragrafi (1) pikat 1, 3, 4, 5, 6, 7 dhe 8 të këtij neni që i nënshtrohen shkallës së privilegjuar të tatimit mbi vlerën e shtuar, i përcakton Qeveria e Republikës së Maqedonisë.”

Neni 2

Dispozitat e nenit 1 paragrafi (1) pika 8 të këtij Ligji, do të zbatohen deri më datë 30 qershor 2010.

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën vijuese nga dita e shpalljes në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”, ndërsa do të zbatohet nga data 1 tetor 2006.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**1708.**

Врз основа на член 49 од Законот за данокот на добивка (“Службен весник на РМ” бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/2001, 2/2002, 44/2002, 51/2003 и 120/2005), министерот за финансии донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И УПЛАТУВАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА И СПРЕЧУВАЊЕ НА ДВОЈНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ ИЛИ ДВОЈНОТО ОДАНОЧУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданочување (“Службен весник на Република Македонија” бр. 92/2001, 51/2002, 54/2003 и 56/2003), во членот 4 точката 8) се менува и гласи:

“8) износот на исплатените надоместоци на трошоците утврдени во член 17-в и член 19-а став 1 од Законот, над пропишаниот износ утврден со Законот за работни односи, колективен договор на ниво на гранка, односно со прописите на органите на државната управа”.

Во точката 10) зборот: “трошоците” се заменува со зборовите: “надоместоците исплатени”,

Во точката 14) пред зборот:” судска “се додава зборот “правосилна”,

Во точката 16) зборовите: “став 2” се бришат.

Во точката 21) по првата реченица се додаваат три нови реченици кои гласат: “Како други усогласувања се смета и износот на вредносно усогласување на финансиските инструменти и на другите капитални (инвестициони) средства по однос на нереализирани загуби, доколку истите се искажани како трошок. Капитални средства се сите трајни материјални и нематеријални средства вклучувајќи и финансиски инструменти, земјиште и други средства, кои се користат за целите на инвестиционата активност. Инвестициона активност е пласирање на средства за други цели освен тековната економска дејност на обврзникот, при што даночниот обврзник не учествува во управувањето на активностите на редовна, континуирана и суштинска основа.”

Член 2

Во член 5 во точката 1) по зборот: “остварени” се додаваат зборовите: “од резиденти на Република Македонија”.

Во точката 3) став 2, се брише.

По точката 6) се додава нова точка 7) која гласи:

“7) други усогласувања на приходите согласно со Законот кои посебно не се наведени во овој член на Правилникот. Како други усогласувања се смета и износот на вредносно усогласување на финансиските инструменти и на другите капитални (инвестициони) средства по однос на нереализирани добивки, доколку истите се искажани како приход, односно доколку истите се вклучени во даночната основа.”

Член 3

По член 5 се додава нова глава III-а и 3 нови члена 5-а, 5-б и 5-в кои гласат:

“III-а Задржување на данок на приход платен на странски правни лица”

Член 5-а

Домашните правни лица, домашните физички лица - регистрирани за вршење на дејност и странските правни лица или физички лица-нерезиденти со постојана деловна единица во Република Македонија (исплатувачи на приходот), при секоја исплата на приходот што го остварува странското правно лице по одредбите од членот 29-б од Законот, го задржуваат и го уплатуваат данокот на соодветната уплатна сметка.